# ПОЛИТИКА
## на спречување и управување со судир на интереси на АЛКАЛОИД АД Скопје

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# ПОЛИТИКА
## на спречување и управување со судир на интереси на АЛКАЛОИД АД Скопје

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

Врз основа на член 119 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, а на предлог на Надзорниот одбор во однос на неговата надлежност согласно член 113 од Статутот, Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје во согласност со член 79 од Статутот, на седницата одржана на 29.12.2022 ја донесе следнава:

# ПОЛИТИКА НА СПРЕЧУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО СУДИР НА ИНТЕРЕСИ НА АЛКАЛОИД АД Скопје[1]

1. ***Вовед;***

Тргнувајќи од политиката на АЛКАЛОИД АД Скопје за целосно и доследно почитување и исполнувањето на важечките прописи, за почитување и исполнување на највисоките национални, европски и светски практики во однос на деловното работење, како и стремејќи се да се задржи и зацврсти одличниот имиџ на компанијата во поглед на транспарентноста на работењето на компанијата, заштитата на правата и интересите на акционерите, заштитата на имотот и вредноста на компанијата, и одговорноста пред заедницата, АЛКАЛОИД АД Скопје ја донесува оваа Политика на спречување на судир на интереси на АЛКАЛОИД АД Скопје (во понатамошниот текст: Политиката).

Целта на оваа Политика е заштита на имотот, вредноста и интересите на Друштвото, во случај на постоење на околности од коишто корист може да имаат приватни интереси, односно лица наведени во оваа Политика, а пред интересот на Друштвото или занемарувајќи го целокупниот интерес на Друштвото, како и заштита на севкупните права и интереси на акционерите во Друштвото, наспроти поединечниот интерес на одредени акционери односно или интересот на други субјекти наведени во оваа Политика.

Оваа Политика треба да биде имплементирана и од сите капитално поврзани друштва на АЛКАЛОИД АД Скопје во земјата и во странство. Доколку во државата каде што делува АЛКАЛОИД АД Скопје или неговото капитално поврзано друштво, важечките прописи наложуваат построги правила за спречување и управување со судир на интереси од тие што се предвидени со оваа Политика и другите внатрешни акти на Друштвото, ќе се применат построгите правила.

Оваа Политика ги отсликува одредбите од позитивните законски прописи, пред се Законот за трговски друштва и Законот за хартии од вредност, но и секој друг закон или подзаконски акт кој опфаќа материја на која се однесува оваа Политика. Исто така, оваа Политика ги отсликува целите, намерите и духот на регионалните, европските и светските правила и принципи во однос на спречувањето и управувањето на судирот со интереси, а одразени пред се во директивите, регулативите и препораките на соодветните институции на Европската Унија, како и одразени во меѓународните договори, интерните акти, препораките, мислењата и прирачниците на регионалните, европските и светските меѓународни организации и иницијативи од областа на доброто деловно работење, транспарентноста при работењето, заштитата на правата на акционерите и борбата против корупцијата.

Оваа Политика особено ги отсликува одредбите, принципите и смислата на одредбите од Кодексот за корпоративно управување на берзата каде што котираат акциите на АЛКАЛОИД АД Скопје, односно Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

Оваа Политика се надоврзува и ги надополнува останатите важечки акти на АЛКАЛОИД АД Скопје, пред се Статутот на Друштвото, како и Кодот за етичко и деловно однесување, Антикорупциската политика на Друштвото, Правилникот за заштита на деловна тајна и know-how, Правилникот за овластувања при потпишување договори и други документи, Правилникот за постапка на одобрување фактури и други трошоци во друштвото, итн.

Во рамки на АЛКАЛОИД АД Скопје, толкување на термините и одредбите од оваа Политика и обезбедување на стручни правни мислење во однос на значењето и примената на одредбите од оваа Политика, дава Корпоративната правна служба на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Доколку дојде до измена на одреден задолжителен законски или подзаконски акт, при што одредбите од оваа Политика би биле во спротивност од одредбите на задолжителниот законски или подзаконски акт, одредбите од соодветните прописи ќе имаат директна примена. Во таков случај, АЛКАЛОИД АД Скопје ќе пристапи кон измена на оваа Политика во најкусо можно време.

## 2. *Кои лица се обврзани со оваа Политика?*

Оваа Политика се однесува на сите лица кои имаат или може да имаат потенцијален или реален судир на интереси (како што е дефиниран подолу во текстот) наспроти интересите на Друштвото (обврзани лица), а особено:

- членовите на Надзорниот одбор;
- членовите на Управниот одбор;
- лица со посебни овластувања и одговорности (раководни лица);
- вработените;
- акционери во Друштвото кои сами или заедно со поврзаните лица поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите со право на глас.

Ќе се смета дека обврзаните лица имаат индиректен судир на интереси, доколку поврзано лице со нив има судир на интереси. Поврзани лица, се лица кои се во брачна или вонбрачна заедница со обврзаното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднини по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое обврзаното лице има финансиски интерес.

## 3. *Што претставува судир на интереси?*

Судирот на интереси, потенцијален или реален, настанува кога обврзаното лице, во текот на извршување на своите работни задачи, овластувања, должности и одговорности во име и за сметка на Друштвото, ќе се соочи со ситуација во која неговиот директен или индиректен (преку поврзаните лица) личен интерес, може да влијае или да изгледа дека може да влијае на неговото расудување истите да не ги изврши во најдобар интерес на Друштвото.

Судир на интереси подразбира постоење околности, според кои, одредени службени ангажмани на обврзаното лице кои во моментот на настанување не претставуваат судир на интерес, да постои можност во иднина да доведат до судир помеѓу личните интереси на обврзаното лице и интересите на Друштвото (потенцијален судир на интереси) или околности кои уште во моментот на настанување на одредени службени ангажмани на обврзаното лице подразбираат и претпоставуваат судир помеѓу личните интереси на обврзаното лице и интересите на Друштвото (реален судир на интереси).

Доколку обврзаните лица самостојно и свесно се доведат во ситуација на судир на интереси, дури и доколку оваа околност подоцна ја пријават согласно оваа Политика, ќе бидат казнети согласно Правилата за работен ред и дисциплина на Друштвото.

Во рамки на постапките за утврдување одговорност за обврзани лица поради доведување во ситуација на судир на интереси или непријавување на судир на интереси, целосно е ирелевантно дали притоа интересот на Друштвото бил реално загрозен.

**Што се подразбира под личен интерес?**
Под личен интерес се подразбира материјален или нематеријален интерес, односно материјална или нематеријална добивка на обврзаните лица, директно или индиректно.

Под материјален интерес се подразбира остварување на секој вид материјална, финансиска добивка на обврзаните лица, која што може да се претстави преку одредена парична или друг вид на материјална/економска вредност.

Под нематеријален интерес се подразбира остварување на нематеријална придобивка, погодност или предност на обврзаните лица, за себе или за друг.

**Начелни околности кои што претставуваат или заради кои настанува судир на интереси**
При утврдувањето на постоењето на судир на интереси или можност за настанување на судир на интереси во Друштвото, особено ќе се земе во предвид:

- Дали за обврзаните лица, директно или индиректно, настанала или постои веројатност дека ќе настане финансиска добивка или избегнување на финансиска загуба, а на сметка на најдобрите интереси на Друштвото;

- Дали обврзаните лица стекнуваат лична придобивка, финансиска или нематеријална, преку пристап до доверливите информации на Друштвото, врзани со деловните активности на Друштвото или трето лице;

- Дали обврзаните лица спроведуваат приватни деловни активности во тек на работно време во Друштвото, притоа користејќи ги физичките ресурси и ресурсите на интелектуалната сопственост на Друштвото;

- Дали обврзаните лица ја злоупотребуваат позицијата во Друштвото на начин што резултира со лична корист;

- Поврзано лице на обврзаните лица има приватен интерес во однос на конкурент, добавувач, купувач или клиент на Друштвото;

**Посебни околности на ценење на постоење на судир на интерес**
Во рамки на процесот на управување со судирот на интереси и решавање на постапките по пријавување судир на интереси од страна на обврзаните лица, Друштвото има предвид дека истото е регистрирано и функционира во држава која е мала по територија и население, каде што се лоцирани и мнозинството од неговите раководни лица, вработени, акционери и надворешни ангажирани лица. Во таа смисла, постоењето природни предуслови на меѓусебна поврзаност во корелација со услови и околности на создавање судир на интереси е концепт чија неопходност/оправданост/дозволеност е предмет на толкување, проценка и оценка од страна на Корпоративната Правна служба, во рамки на постапките кои се водат во насока на имплементација на оваа Политика.

Имено, во рамки на постапката за решавање по пријава за потенцијален или реален судир на интереси, Корпоративната правна служба, како надлежна за истите, во координација со други засегнати организациони единици, имајќи го предвид овој критериум, проценува и одлучува дали постои судир на интереси, а доколку утврди дека истиот постои, проценува дали е тој неминовен со оглед на посебни околности и кои се начините тој да се елиминира, доколку е можно.

4. ***Постапка на пријавување потенцијален или реален судир на интереси;***

Обврзаните лица се должни да го известат Друштвото, веднаш штом дојдат до сознание за околност во која имаат потенцијален или реален судир на интерес, но во секој случај не подолго од три дена од сознавањето, преку пополнување на Образецот даден во соодветниот Прилог кон оваа Политика.

Се претпоставува дека лицето дознало за потенцијалниот или реален судир на интереси, во моментот на настанување на потенцијалниот или реален судир на интереси. Доколку лицето дознало за потенцијалниот или реален судир на интереси подоцна од моментот на настанување на потенцијалниот или реален судир на интереси, истото ќе треба соодветно да се докаже, а товарот на докажување паѓа на лицето кое го поднесува Образецот.

Обврзаното лице од редот на вработените судирот на интереси најпрво го пријавува кај својот претпоставен, кој имајќи ги предвид спецификите на процесот на работа во соодветната организациона единица, предлага план за управување со конкретниот судир на интерес. Во таа смисла, обврзаното лице од редот на вработените и неговиот претпоставен, заеднички го пријавуваат судирот на интереси, заедно со планот за управување со истиот, преку пополнување на Образецот за пријавување и управување со судир на интереси, даден во Прилог 1 кон оваа Политика.

Сите обврзани лица, преку пополнување и поднесување на Образецот за толкување за постоење судир на интереси, даден во Прилог 2 кон оваа Политика, можат да побараат од надлежното лице стручно мислење дали одредени околности во корелација со нивни ангажмани претставуваат судир на интереси согласно оваа Политика.

Членовите на Управен и Надзорен одбор, лицата со посебни овластувања и одговорности (раководни лица), како и акционерите во Друштвото кои сами или заедно со поврзаните лица поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите со право на глас, пријавувањето на постоење судир на интереси го вршат преку пополнување и поднесување на Образецот за толкување за постоење судир на интереси, даден во Прилог 2 кон оваа Политика.

Дополнително, членовите на Управен и Надзорен одбор и лицата со посебни овластувања и одговорности (раководни лица), еднаш годишно, најдоцна до истек на месец јануари од тековната година, задолжително потпишуваат и поднесуваат изјава за почитување на Политиката за спречување и управување со судир на интереси.

Сите обрасци и изјави кои се прилог кон оваа Политика, се доставуваат до Директорот на Корпоративна правна служба, кој ја води постапката и одлучува во однос на судирот на интереси. Во насока на ефикасност, Образецот може да се достави и по пат на електронска пошта.

Непочитувањето на оваа Политика од страна на обврзаните лица се смета за груба повреда на Кодот за етичко и деловно однесување, како и други внатрешни акти на Друштвото и подразбира иницирање на постапки и утврдување одговорност која, зависно од тежината на повредата, може да значи и престанување на работниот однос или разрешување од вршење функција.

Било кое лице во Друштвото кое ќе забележи прекршување на оваа Политика, потребно е да го пријави тоа согласно Кодот за етичко и деловно однесување и актите кои уредуваат заштитено внатрешно пријавување во рамки на Друштвото.

5. ***Завршен дел;***

Оваа Политика се предлага од страна на Надзорниот одбор, а се усвојува од страна на Управниот одбор.

Оваа Политика ќе започне да се применува од датумот на нејзиното усвојување од Управниот одбор на Друштвото но не подоцна од 01.01.2023 година.

Сите внатрешни акти на Друштвото кои уредуваат судир на интереси поврзани со посебни сегменти од дејноста на Друштвото, должни се во рок од шест месеци од усвојувањето на оваа Политика, да ги усогласат истите со одредбите од Политиката.

Капитално поврзаните друштва во земјата и во странство се должни во рок од шест месеци од усвојувањето на оваа Политика да ја инкорпорираат истата во системот на своите внатрешни акти, преку донесување

Протокол за имплементација на Политиката за спречување и управување со судир на интереси. Во однос на капитално поврзаните друштва во земјата и во странство, постапките за утврдување судир на интереси за вработените, раководните лица и директорите на поврзаните друштва ги спроведува Корпоративната Правна служба на АЛКАЛОИД АД Скопје.
Одредбите на оваа Политика се во важност се додека Управниот Одбор на Друштвото не донесе одлука за изменување и/или дополнување на оваа Политика.

Одредбите од оваа Политика се темелат и се надоврзуваат на одредбите од следните важечки прописи и внатрешни акти на АЛКАЛОИД АД Скопје:

- Законот за трговски друштва;
- Законот за хартии од вредност;
- Кодексот за корпоративно управување на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје;
- Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје;
- Кодот за етичко и деловно однесување на АЛКАЛОИД АД Скопје;
- Антикорупциската политика на АЛКАЛОИД АД Скопје;
- Правилникот за заштита на деловна тајна и know-how на АЛКАЛОИД АД Скопје;
- Правилникот за овластувања при потпишување договори и други документи на АЛКАЛОИД АД Скопје;
- Правилникот за постапка на одобрување фактури и други трошоци во друштвото на АЛКАЛОИД АД Скопје;

[1] Оваа верзија на Политиката на спречување и управување со судир на интереси на АЛКАЛОИД АД Скопје е во формат и дизајн за потребите на запознавање на јавноста со истата. Официјалната верзија на Политиката на спречување и управување со судир на интереси на АЛКАЛОИД АД Скопје се чува во неговото седиште.

**АЛКАЛОИД АД Скопје**

Бул. Александар Македонски 12, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија

**www.alkaloid.com.mk**

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ